Prems 55614

За сите најнови информации
поврзани со спроведувањето на
Програмата ROMED2,
ве молиме посетете ја Интернет страницата
http://coe-romed.org
или пишете ни на romed@coe.int

Find us on facebook

MKD

The Council of Europe is the continent's leading human rights organisation. It comprises 47 member states, 28 of which are members of the European Union. All Council of Europe member states have signed up to the European Convention on Human Rights, a treaty designed to protect human rights, democracy and the rule of law. The European Court of Human Rights oversees the implementation of the Convention in the member states.

www.coe.int

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# ДЕМОКРАТСКО УПРАВУВАЊЕ И УЧЕСТВО ВО ЗАЕДНИЦАТА ПРЕКУ МЕДИЈАЦИЈА

ROMED
Médiation pour les Roms
Mediation for Roma

Funded by the European Union and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented by the Council of Europe

## ОД ROMED ДО ROMED2

**О**д 2011 до 2013, Програмата ROMED ја постави основата за квалитетна медијацијата во 22 земји во Европа. Со над 1300 обучени медијатори, Програмата обезбеди медијацијата помеѓу ромските заедници и јавните институции да се одвива на праведен начин, избегнувајќи ги пречките и недостатоците на сложениот однос кој може да постои помеѓу двете страни. Во оваа фаза на Програмата, која се уште е во тек, се приклучуваат и нови земји (Литванија), а други продолжуваат да ја спроведуваат со цел да ја прилагодат на нивните специфични барања и околности (Босна и Херцеговина, Романија, Украина, итн.).

По првите две години од спроведувањето на Програмата ROMED, се појавија нови прашања од страна на организациите и институциите имплементирачки партнери за Советот на Европа и Европската унија, имено: Како да се поттикне демократското учество во заедниците? Како може да се обезбеди соработката и активното учество на јавните институции во процесот? И, првенствено, како да се преземе подлабинска акција со цел да се постигне реална и значајна промена во секојдневниот живот на заедниците преку медијацијата?

Од овие прашања, како и од основата воспоставена во првата фаза, концептот на ROMED2 произлезе од целта за продлабочување на активностите во оние места каде медијацијата веќе постои, каде се обучени медијатори во рамки на ROMED и каде постои поголема веројатност за постигнување на промена преку демократско учество на Ромите.

## КОЈ СЕ, НАОЃА ВО СРЕДИШТЕТО НА ПРОЦЕСОТ?

**Н**аставната програма на ROMED2 беше изготвена од страна на меѓународен тим на експерти и беше прилагодена на реалните прилики и специфичниот контекст во оваа област со помош на Националните тимови за поддршка на ROMED2.

Таа опфаќа модули и наставни материјали за теми како лидерство, власт, партиципативно и инклузивно одлучување, менаџирање на конфликти, развивање на меѓукултурни компетенции и менаџирање на разликите со другите.

Една група на обучувачи/модератори е обучена за практична примена на наставната програма на ROMED2.

Во секоја земја, работата ја води Национален тим за поддршка составен од национален проектен офицер, националното лице за контакт од претходната фаза, обучувачи/модератори, медијатори и експерти, а ја координира Советот на Европа.

Во средиштето на процесот, ROMED2 ја поставува Групата за акција во заедницата – односно самите граѓани Роми – на кој начин се мобилизираат нивните способности да учествуваат и се бара капацитет од јавните институции да одговорат на таквото барање.

Групата за акција во заедницата ја сочинуваат граѓани кои живеат во заедницата, мажи и жени, кои постепено се вклучиле во демократскиот процес во нивната општина. Ова за нив преставува вистинска можност да ги искажат – на организиран начин, имајќи ги предвид средствата кои им стојат на располагање на локалните власти, како и нивните права и обврски како граѓани – приоритетите кои сметаат дека треба најитно да се решаваат преку одржлив дијалог со локалните власти.

Посебно внимание во овој процес се посветува на насочување на учеството на ромските жени (односно нивно вклучување во Групата за акција во заедницата, Националниот тим за поддршка и во очекуваните резултати за јакнење на заедницата).

ROMED2 ја користи медијацијата, принципите на добро управување и бара организирање на заедницата како средства за поттикнување на процесот кој е одржлив и правичен за сите. Особено внимание ќе се посвети на обезбедување учество на жените, како и учество на младите, со цел да се овозможи во тој процес да се земат предвид приоритетите кои се посебно поврзани со овие групи.

## КАДЕ СЕ СПРОВЕДУВА ПРОГРАМАТА?

**В**о оваа фаза, ROMED2 се фокусира на десет земји: Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Италија, „поранешната југословенска Република Македонија“, Португалија, Романија, Словачка и Унгарија.

Една од главните потешкотии во првата фаза на ROMED беше обемот на имплементација, кој не дозволуваше длабинска акција или поголемо сообразување на медијацијата на локалниот контекст; ROMED2 има за цел да го надмине овој недостаток.

Во пет од десетте земји каде се спроведува програмата (Бугарија, Италија, Романија, Словачка и Унгарија), ROMED2 се имплементира истовремено со програмата ROMACT, која преставува заедничка иницијатива на Советот на Европа и Европската унија преку која се настојува да се обучат органите на јавната власт за демократското учество на Ромите. За повеќе информации за ROMACT, ве молиме посетете ја Интернет страницата www.coe-romact.org.

## ШТО СЛЕДУВА?

**П**рограмата ROMED2 започна да се спроведува во десет земји: Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Италија, „поранешната југословенска Република Македонија“, Португалија, Романија, Словачка и Унгарија.

Иако процесот, во основа, би требало да ги следи истите чекори во секоја од избраните општини, ROMED2 се прилагодува на различниот контекст и потреби, овозможувајќи максимална флексибилност во редоследот и временската рамка при преземањето на овие чекори. Иако имплементацијата се планира ефективно да трае до март 2015, целта на ROMED2 е да се започне одржлив процес кој ќе продолжи да трае и по овој датум.

Овој процес, навистина е долгорочен, сложен и изискува ресурси: време и лично инвестирање на граѓаните кои учествуваат во Групата за акција во заедницата од една страна, и посветеност и слух на јавните институции од друга страна. Извесно е дека ROMED2 може да создаде ваков контекст преку „мали победи“ кои постепено се освојуваат во ситуации кои носат придобивка за двете страни. Ова несомнено ќе доведе до подобри односи помеѓу ромските заедници и локалните власти, поголемо само-почитување на Ромите за да станат граѓани на општеството во целосна смисла на зборот, и конечно ќе доведе до подобар живот и подобро управување за сите.

---

1. Препорака CM/Rec(2012)9 на Комитетот на министри до државите членки за медијацијата како ефективно средство за унапредување на човековите права и социјалната инклузија на Ромите.
1. Терминот „Роми“ кој се употребува во Советот на Европа се однесува на Ромите, Синтите, Кале и на слични групи во Европа, вклучително и на патувачите и источните групи (Дом и Лом), и опфаќа различни засегнати групи, како и лица кои себе си се идентификуваат како „Цигани“.